**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр. 02-42

Скопје 22.02.2022 г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22, а во врска со член 18 став 1 алинеја 5 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/21 и 77/21), член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), а согласно Заклучокот, арх.бр.02-699/3 од 21.02.2022 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 6-та седница одржана на 21.02.2022 година, донесе:

## РЕШЕНИЕ
**за запирање на поведената постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација по службена должност кај Трговското радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје**

1. СЕ ЗАПИРА постапката поведена по службена должност од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата), со Одлука Уп1 бр.02-457 од 27.12.2021 г., за поведување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација кај Трговското радиодифузно друштво (ТРД) СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје.

2. Решението е конечно.

## Образложение

Советот на Агенцијата, на 38-та седница одржана на 24.12.2021 г., донесе Одлука Уп1 бр.02-457 од 27.12.2021 г., со која се поведе постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација, по службена должност кај ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, поради тоа што управителот на радиодифузерот, физичкото лице Владо Младеновски се јавуваше истовремено како прокурист со овластување "поединечна прокура без ограничување" на Друштвото за филм, маркетинг и издавачка дејност БОРБА ФИЛМ ДООЕЛ Скопје, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 59.11 – дејности на производство на филмови, видеофилмови и телевизиска програма, а имајќи предвид дека функцијата прокурист во едно трговско друштво е функција на управување, што е спротивно на член 39 став 1 алинеи 1 и 5 и член 36 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), како и поради тоа што постоеја индиции за евентуално постоење недозволена медиумска концентрација и по основ на поврзаност преку член на семејството во смисла на член 36 став 1 и став 2 алинеја 1 од ЗААВМУ, со оглед на тоа што сопственикот и управител на Друштвото за филм, маркетинг и издавачка дејност БОРБА ФИЛМ ДООЕЛ Скопје - физичкото лице Дејан Младеновски и управителот на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје - физичкото лице Владо Младеновски имаат исто презиме, што претставуваа основа Агенцијата да поведе постапка за утврдување на недозволена медиумска концентрација по службена должност.

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

Агенцијата, за да ги испита до крај овие сознанија, согласно цитираната Одлука, на радиодифузерот му наложи во рок 30 (триесет) дена од денот на приемот на одлуката, до Агенцијата да достави писмена изјава заверена на нотар од лицето Владо Младеновски, дали е во роднинска врска со лицето Дејан Младеновски, односно дали е член на неговото семејството во смисла на член 3 точка 27 од ЗААВМУ, како и во истиот рок да ги достави сите податоци од значење за одлучувањето на Агенцијата. Одлуката беше примена од страна на радиодифузерот на 28.12.2021 г. (видно од доставната книга на Агенцијата), а рокот за доставување на податоците траеше до 27.01.2022 г. Заклучно со овој датум, ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје до Агенцијата не достави никаква документација.

На 02.02.2022 г., радиодифузерот на официјалната електронска адреса на Агенцијата (contact@avmu.mk) достави „Потврда за прием“, електронски издадена и дигитално потпишана од Централниот регистар на Република Северна Македонија (ЦРРСМ). При увид во доставената потврда беше констатирано дека истиот ден (02.02.2022 г.) до ЦРРСМ електронски е поднесена пријава за упис на промена на овластено лице/орган на управување на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје.

На 10.02.2022 година, радиодифузерот на официјалната електронска адреса на Агенцијата (contact@avmu.mk) достави Решение со деловоден бр.35020220002893 и Тековна состојба за ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје (наш арх.бр.03-589/1 од 10.02.2022 г.), коишто од страна на ЦРРСМ се електронски издадени на 09.02.2022 г. При увид во овие документи беше констатирано дека претходно поднесената пријава за упис на промена на овластено лице/орган на управување на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје е одобрена и дека на 09.02.2022 г. е извршена промена на овластеното лице на радиодифузерот, односно физичкото лице Владо Младеновски веќе не е носител на функција на управување во ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје. Имајќи предвид дека лицето Владо Младеновски веќе не се јавува како управител на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, се констатираше дека отстранети се причините за водење на претходно поведената постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација по службена должност кај Трговското радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22, а во врска со член 18 став 1 алинеја 5 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка, а согласно Заклучокот арх.бр. 02-699/3 од 21.02.2022 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 6-та седница одржана на 21.02.2022 г., донесе решение како во диспозитивот.

Решението е конечно.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

______________________
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Доставено до:
- Трговското радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Назначените лица во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1.